Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 06.03.2021

На 05.03.2021 полициски службеници од Секторот за меѓународна полициска соработка-Отсек за потрага постапија по меѓународна потерница од Интерпол Германија и во Тетово го лишија од слобода К.И. (30) кој се барал за сторени кривични дела поврзани со трговија на голема количина на кокаин и марихуана на територијата на Германија, за кое дело според германскиот кривичен закон се предвидува максимална казна затвор од 15 години. Лицето, според законската процедура, ќе биде испорачано на германската полиција.

На 05.03.2021 во 22.50 часот од полициски службеници од Полициска станица Гостивар при извршена контрола на угостителски објект- „ајвилница на ул.„18 Ноември" во Гостивар, сопственост на М.И.(45) од Гостивар, констатирано е дека се поставува спротивно на законски пропишаното работно време за епидемија, при што во објектот имало 11 гости. Објектот од страна на Државен пазарен инспекторат е затворен, а сопственикот М.И. е лишен од слобода и задржан во полициска станица. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена пријава по член 206 од Кривичниот законик – „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија".

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (05.03.) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.На територијата на град Скопје изречени се 165 мерки, меѓу кои за непочитување на брзина на движење 28, 21 санкција за возење без возачка дозвола,10 санкции за управување под дејство на алкохол... Изречени се 12 санкции за користење на мобилен телефон, три мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), четири мерки за некористење сигурносен појас, пет санкции за недавање првенство на минување на пешаци и 50 мерки за непропишо паркирани возила.

На 05.03.2021 во 20.30 часот на подрачје на Центар, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода О.Б.(20) и С.С.(18), двајцата од Скопје бидејќи кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.03.2021 во 11.30 часот во СВР Скопје, Р.Р.(67) од Скопје пријавила дека на ул.Рилски Конгрес била касната од куче скитник.

На 05.03.2021 во 21.30 часот полициски службеници од СВР Тетово во содејство со инспектори од Државен пазарен инспекторат при извршена контрола на угостителски објект во с.Мала Речица, сопственост на С.Ј.(54) од с.Мала Речица констатирале непостапување по здравствени прописи за време на епидемија при што во објектот имало осум лица.
Објектот од страна на Државен пазарен инспекторат е затворен, а сопственикот С.Ј. е лишен од слобода и задржан во полициска станица. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена пријава по член 206 од Кривичниот законик – „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија".

На 05.03.2021 во временскиот период од 21.30 до 23.20 часот од полициски службеници од СВР Скопје во содејство со инспектори од Државен пазарен инспекторат е извршена контрола во угостителски објект на подрачјето на Бит Пазар при што било констатирано дека објектот работел, односно не се придржувал до пропишаното работно време и во него биле затекнати 22 лица, од кои еден малолетник, кои се лишени од слобода. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена пријава по член 206 од Кривичниот законик – „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија".

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.Л.(76) од охридското село Трпеица, поради постоење основи на сомнение дека е сторител на кривичните дела „бесправно градење", „узурпација на недвижности" и „употреба на исправа со невистинита содржина", како и против В.К.(53) од Охрид поради сторено кривично дело „фалсификување или уништување деловни книги". Првопријавениот, во период од август-декември 2020 година, на катастарска парцела во селото Трпеица, во месноста „Трпеичко кале" што е во состав на Националниот парк „Галичица", без да поседува одобрение за градба изградил индивидуален објект и како доказ употребил фалсификат геодетски елаборат, изработен од второпријавениот.

На 05.03.2021 во 13,00 часот на Граничен премин „Јажинце" од полициски службеници бил лишен од слобода Д.М.(30) од Германија бидејќи, при извршената гранична контрола е констатирано дека истиот е предмет на потрага во стоп листа со мерка „Апси", а во врска со меѓународна потрага по барање на Интерпол. Лицето е предадено на полициски службеници од СВР-Тетово за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (05.03.2021) Мобилната единица за безбедност во сообраќајот на патиштата спроведе зајакната акциска контрола за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената на автопатот Гевгелија - Куманово, при што санкционирани се 74 возила. Од нив, шест се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со брзина над 70 километри на час повеќе од дозволеното.

На 05.03.2021 година, при одигрување одбојкарски натпревар во Кичево, нарушен е јавниот ред и мир со физички напад извршен од Б.Е. (46) од Кичево, тренер на домашната екипа врз вториот судија П.С. (58) од Тетово. Натпреварот е прекинат, а напаѓачот е повикан во полициска станица и против него во соработка со Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревари, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.03.2021 во Битола од полициски службеници од СВР Битола е лишен од слобода К.Ѓ(36) од Битола постапувајќи по претходна пријава во 14.30 часот од О.С.(41) од Битола дека во неговата менувачница околу 14.00 часот дошол пријавениот за да размени евра во денари, при што од страна на пријавителот било забележано дека четири банкноти во апоени од по 50 евра се фалсификат по што пријавил во полиција. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.03.2021 во 07.00 часот во СВР Скопје, С.С.(29) од Скопје пријавила дека околу 05.45 часот во амбулантата на Гинекологија на Комплекс клиники, Мајка Тереза" додека била на своето работно место како медицинска сестра по претходна расправија била физички нападната од Т.М.(33) од Охрид, вработен како доктор. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 05.03.2021 година во 11.30 часот, В.А.(35) од Кичево, во полициската станица пријави дека на булеварот „Ослободување" во Кичево бил нападнат од куче скитник.

На 05.03.2021 во 18,30 часот во Полициска станица Центар, И.Д. (37) од Скопје, пријавил дека во времето од 20,20 до 20,40 часот додека извршувал работни задачи како такси возач во близина на хотел на подрачје на Центар, од едно лице кое го превезувал со закана му биле одземени пари и мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.03.2021 во 22.30 часот во с.Тераце до полициски лсужбеници од Полициско одделение Тераце биле лишени од слобода М.М.(24), И.М.(59), М.М.(26) и Ќ.М.(51) сите од с.Тераце бидејќи по претходна расправија го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка, а во врска со претходна пријава во 22,15 часот од М.М.(24) против неговиот братучед М.М.(26) при што пријавените физички нападнале и полициски службеник. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.03.2021 во 18,50 часот во СВР Штип било пријавено дека на излез од Кочани кон Виница во близина на бензинска пумпа бил нарушен јавниот ред и мир помеѓу неколку лица од Македонска Каменица од една страна и Б.К.(47) и М.Ш.(33) двајцата од Р.Бугарија, од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.03.2021 во Полициската станица Гевгелија, од Итна медицинска помош Гевгелија, било пријавено дека на старата автобуска станица во Гевгелија, имало починато градежен работник при вршење на градежни работи. На местото на настанот излегле увидна екипа од Полициската станица Гевгелија, јавен обвинител и трудов инспектор, при што било констатирано дека се работи за Н.Т.(45) од Богданци кој околу 13,15 часот на објектот во изградба изведувал градежни работи при што паднал од скеле, по што починал на лице место. По наредба на јавен обвинител телото на починатиот е пренесено во Институтот за Судска медицина и криминалистика во Скопје за одлукција.

На 05.03.2021 во 10,00 часот во СВР Скопје, З.Р.(40) од Скопје пријавил дека во с.Бардовци,скопско, во близина на сепарација, во канал на река Лепенец било пронајдено човечко тело кое било делумно распаднато. Телото било извадено и по наредба на јавен обвинител е предадено на Судска медицина за одлукција.

На 05.03.2021 во 20.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница„Св. Наум Охридски" е донесено повредено лице. Полициски службеници од СВР Скопје излегле на местото на настанот и констатирале дека станува збор за С.Ц.(38) од Скопје по чие кажување околу 12.30 часот на ул.Васил Ѓоргов пред зграда додека извршувала работни задачи како хигиеничарка паднала, по што од доктор и е констатирана тешка телесна повреда. За настанот известен е трудов инспектор.

На 05.03.2021 во 10.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект на подрачја на Аеродром поради нерасчистени должничко доверителски односи, В.Ј.(47) од Скопје бил физички нападнат од Г.Н.(52) од Скопје.Сочинет е записник за констатиран прекшок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 05.03.2021 во 11.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачје на Аеродорм по претходно недоразбирање дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу К.Г.П.(48) од Скопје од една страна и Л.Т.(60) и Т.Т.(71) двајцата од Скопје, од друга страна.Сочинет е записник за констатиран прекшок по.чл.11 од ЗППЈРМ.

На 05.03.2021 во 21.50 часот во СВР Скопје, Т.М.(52) од Скопје пријавил дека околу 20.00 часот во близина на полигон на подрачје на Центар бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.03.2021 во 21.45 часот во СВР Скопје, С.К.(60) од Радовиш, пријавила дека во 17.10 часот на подрачје на Аеродором по претходна расправија била физички нападната од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 06.03.2021 во СВР Битола биле приведени Б.К. и Д.К. затоа што околу 02.00 часот пукале во воздух од ловна пушка на ул. Димитар Илиевски Мурато во Битола.Нема повредени лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет